**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Комисија за заштита на конкуренцијата**
**Комисија за одлучување по прекршок**

# НАСОКИ ЗА НАЧИНОТ НА ОДМЕРУВАЊЕТО НА ГЛОБАТА ИЗРЕЧЕНА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

**Декември 2010**

**Насоки за начинот на одмерувањето на глобата изречена согласно Законот за заштита на конкуренцијата**

## I. ВОВЕД

1.Согласно Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10) Комисијата за одлучување по прекршок (во понатамошниот текст: КОП) со решение му изрекува глоба на претпријатието кое сторило прекршок предвиден со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот).

2. При одмерувањето на глобата, КОП се раководи од своите овластувања кои произлегуваат од Законот и Законот за прекршоците ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/06). Имено, согласно член 64 од Законот при одмерувањето на глобата, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот.Изречената глоба не смее да го надмине процентот определен со Законот.

3. Надлежноста на КОП да изрекува глоба на претпријатија или здруженијата на претпријатија кои сториле прекршок предвиден со одредбите на Законот, е едно од средствата со кои на Комисијата за заштита на конкуренцијата и се овозможува да ја врши својата задача на надзор над спроведување на Законот предвидена со член 6 од Законот. Таа задача подразбира не само должност да се истражуваат и санкционираат поединечни прекршоци предвидени со одредбите на Законот, туку опфаќа и должност за спроведување на општата политика за потребата од примена на правилата за заштитата на конкуренцијата утврдени со Законот, како и да го насочи однесувањето на претпријатијата во согласност со тие правила. За таа цел, дејствијата на КОП треба да го имаат неопходниот ефект на одвраќање од сторување прекршоци предвидени со одредбите на Законот. Според тоа, кога КОП ќе утврди дека е сторен прекршок предвиден со одредбите на Законот, на претпријатијата-сторители на прекршокот им изрекува глоба. Глобата, како прекршочна санкција, би требало да има доволно одвратувачки ефект, не само со цел да се санкционираат сторителите (посебно одвратување) туку и да се одвратат други претпријатија од започнување или продолжување со однесување кое е во спротивност со одредбите од Законот (општо одвратување).

4. За постигнување на горенаведените цели, КОП како основа за одмерувањето на глобата, согласно член 64 став (3) од Законот, ја зема во предвид вредноста на продажбите на стоките и услугите на кои се однесува прекршокот. Времетраењето на прекршокот исто така игра значајна улога во одмерувањето на глобата бидејќи тоа има неприкосновено влијание врз потенцијалните последици од прекршокот на релевантниот пазар засегнат со прекршокот. Оттука, како што е утврдено во член 64 став (2) од Законот, изречената глоба го одразува и бројот на години за кои претпријатието учествувало во прекршокот.

5. Комбинацијата од вредноста на продажбите на кои се однесува прекршокот и времетраењето на прекршокот, се смета дека претставува соодветен показател кој ги отсликува економските последици од прекршокот, како и учеството на секое претпријатие во прекршокот. Овие фактори се добар индикатор за тоа во кои граници глобата треба да се движи, но не треба да доведуваат до автоматско и аритметичко пресметување на износот на глобата.

6. Исто така, соодветно е во износот на глобата да биде вклучена и посебна сума, независно од времетраењето на прекршокот, со цел да ги одврати претпријатијата од учество во нелегално однесување.

## II. НАЧИН НА ОДМЕРУВАЊЕ НА ГЛОБАТА

7. **Согласно член 64 од Законот,** при одмерувањето на глобата на претријатијата и здруженијата на претпријатија-сторители на прекршок предвиден со одредбите на Законот, КОП ќе се придржува кон следната методологија составена од два дела.

8. Прво, КОП ќе определи основен износ на глобата за секое претпријатие или здружение на претпријатие - сторител на прекршок предвиден со одредбите на Законот.

9. Второ, КОП може да го прилагоди основниот износ на глобата преку негово зголемување односно намалување.

### 1. ОСНОВЕН ИЗНОС НА ГЛОБАТА

10. Основниот износ на глобата се пресметува врз основа на вредноста на продажбите на кои се однесува прекршокот и со примена на следната методологија:

**А. Пресметување на вредноста на продажбите**

11. При пресметувањето на основниот износ на глобата која треба да биде изречена, КОП ја зема во предвид вредноста на продажбите, односно приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста (продажба на стоки и/или услуги) која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот.

12. Кога прекршокот е сторен од здружение на претпријатија, а се однесува на активностите на членовите на тоа здружение, вредноста на продажбите, која КОП ја зема во предвид при одмерувањето на глобата на здружението, треба да соодветствува на збирот од продажбите на секој член на тоа здружение остварени во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот.

13. При пресметувањето на вредноста на продажбите на определено претпријатие, КОП ќе ги земе во предвид најдостапните податоци за тоа претпријатие.

14. Кога достапните податоци за претпријатието се нецелосни или невистинити, КОП може да ја определи вредноста на продажбите на тоа претпријатие врз основа на некомплетни податоци со кои се стекнала и/или било какви други информации кои ги смета за релевантни и соодветни.

15. ДДВ или други даноци кои се однесуваат на продажбите, нема да се земат во предвид при пресметувањето на вредноста на продажбите.

**Б. Определување на основниот износ на глобата**

16. Основниот износ на глобата ќе претставува пропорција од вредноста на продажбите, во зависност од степенот на тежината на прекршокот, помножен со бројот на години за кои траел прекршокот.

17. Степенот на тежината на прекршокот ќе биде определен за секој случај посебно, земајќи ги во предвид сите релевантни околности за тој случај.

18. Основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од вредноста на продажбите.

19. Со цел да одлучи дали пропорцијата од вредноста на продажбите кои ќе се земат во предвид во дадениот случај треба да биде на пониско или повисоко ниво од нивото определено со точка 18, КОП ги зема во предвид природата на прекршокот, вкупниот удел на пазарот на сите ретпријатија кои се засегнати, како и географскиот обем на прекршокот.

20. Договорите за хоризонтално фиксирање на цените, поделба на пазарот и ограничување на производството, кои вообичаено се тајни, претставуваат по природа едни од најштетните ограничувања на конкуренцијата. Начелно, за нив треба да биде определена глоба во висок износ. Затоа, пропорцијата од вредноста на продажбите која се зема во предвид за такви прекршоци во принцип ќе биде утврдена на највисокото ниво определено со точка 18.

21. Со цел целосно да биде земено во предвид времетраењето на учеството на секое претпријатие во прекршокот, основниот износ на глобата утврден врз основа на вредноста на продажбите се помножува со бројот на години во кои претпријатието учествувало во прекршокот. Периодот пократок од 6 месеци се смета за половина година, додека периодот подолг од 6 месеци, а пократок од една година се смета како цела година.

22. Независно од времетраењето на учеството на претпријатието во прекршокот, КОП вклучува дополнителни 15% до 25% од вредноста на продажбите определена согласно Делот А од овие Насоки, со цел да ги одврати претпријатијата од склучување на договори чија цел е хоризонтално фиксирање на цените, поделба на пазарот и ограничување на производството. КОП може да

вклучи таков дополнителен процент во основниот износ на глобата и за други прекршоци.

23. Кога вредноста на продажбите кои ги оствариле претпријатијата кои заеднички сториле прекршок е слична, но не иста, КОП може да утврди за секој од нив идентичен основен износ. Исто така, во определувањето на основниот износ на глобата, КОП користи заокружени бројки.

## 2. ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ ИЗНОС НА ГЛОБАТА

24. **Согласно член 64 став (4) од Законот п**ри одмерувањето на глобата, КОП може да земе во предвид околности кои би го зголемиле односно намалиле основниот износ на глобата. Тоа го прави врз основа на целосна оцена, земајќи ги во предвид сите релевантни околности.

### А. Отежнителни околности

25. Согласно член 64 став (6) од Законот, основниот износ на глобата може да биде зголемен доколку КОП утврди дека постојат отежнителни околности, како на пример:
-доколку КОП утврдила дека претпријатието сторило прекршок предвиден со одредбите на Законот, а тоа претпријатие продолжило со прекршокот или повторно сторило ист или сличен прекршок. Во ваков случај основниот износ на глобата може да се зголеми до 100% за секој таков утврден прекршок;
-доколку претпријатието одбива да соработува или ја попречува Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КЗК) или КОП во спроведувањето на постапката;
-доколку претпријатието - сторител на прекршокот имал улога на водач, или поттикнувач на прекршок. КОП особено зема во предвид дали сторителот на прекршокот преземал дејствија насочени кон поттикнување на други претпријатија да земат учество во прекршокот и/или преземал какви било мерки на одмазда против други претпријатија со цел да ги присили на преземање дејствија кои претставуваат прекршок.

### Б. Олеснителни околности

26. **Согласно член 64 став (5) од Законот, о**сновниот износ на глобата може да биде намален доколку КОП утврди дека постојат олеснувачки околности, како на пример:
-доколку сторителот на прекршокот доставил докази дека ги прекинал дејствијата кои претставуваат прекршок во моментот кога КОП повела прекршочна постапка, со исклучок кога се работи за прекршок од членот 7 став (1) од Законот.
- доколку сторителот на прекршокот доставил докази дека неговата вклученост во прекршокот е миномална и докаже дека за периодот кога бил учесник во забранет договор, всушност ја избегнувал неговата однесувајќи се конкурентски на релевантниот пазар. Самиот факт дека одредено претпријатие учествувало во

прекршокот пократок период од другите нема да се смета за олеснителна околност, бидејќи ова е веќе земено во предвид при пресметката на основнот износ.
- доколку сторителот на прекршокот доставил  докази дека прекршокот бил сторен од небрежност;
-  доколку сторителот на прекршокот ефективно соработувал со КЗК или КОП независно од примената на член 65 (Leniency) од Законот;
- доколку антиконкурентското однесување на претпријатието било поттикнато или поддржано од орган на државната управа, организација или друг орган што врши јавни овластувања или правно обврзувачки акт.

**В. Посебно зголемување заради одвратување**

27. **Согласно член 64 став (7) од Законот**, КОП може да му го зголеми основниот износ на глобата на сторител на прекршок кој има особено големи приходи кои произлегуваат и од други дејности, а не само од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот, заради постигнување на одвратувачки ефект на глобата.

28. **Согласно член 64 став** (8) **од Законот**, **КОП** може да го зголеми основниот износ на глобата на сторител на прекршок со цел глобата да го надмине износот поврзан со неоснованото збогатување кое настанало како последица од прекршокот, доколку е можно тој износ да биде пресметан.

**Г.  Ослободување или намалување на глобата**

29. КОП ги применува правилата за ослободување или намалување на глобата согласно  член 65 (Leniency) од Законот и соодветната уредба.

**Д. Способност за плаќање**

30. **Согласно член 64 став (9) од Законот, КОП** може, по барање на сторителот на прекршок, а при одмерувањето на глобата, да ја земе во предвид неговата платежна неспособност, во посебен социјален и економски контекст. До намалување на глобата од оваа причина не може да дојде доколку се работи за финансиски загуби на сторителот на прекршокот, сторени со цел избегнување на плаќање на глоба. До намалување на глобата може да дојде единствено доколку сторителот приложи доказ дека глобата одмерена согласно со одредбите од овој член би ја загрозила економската способност на сторителот и би предизвикала неговиот имот да ја изгуби својата вредност.